В. А. АРТЈОМОВ (Воронеж)

# ЈОХАН КНИФ ПРОТИВ ЦЕНТРИЗМОТ ВО ГОДИНИТЕ НА ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Односот кон центризмот како посебно, најопасно опортунистичко политичко струење во германското и меѓународното работничко движење претставува пробен камен за определување верноста на револуционерниот марксизам во годините на светска воена катастрофа 1914—1918 година. Во трудот „Белезите на ‚центарот' како струење во меѓународната социјалдемократија", во јануари 1917 г. В. И Ленин ги дал критериумите за оценка на центристичката политика: двосмисленост по прашањето за одбраната на татковината; социјал-пацифизмот како програма и тактика; критика со зборови на реформизмот („пасивен радикализам"); откажување од пропагирање на револуцијата во врска со војната и од подготовка на масите за таква револуција; лакирање и одбрана на социјал-шовинизмот; префрлување на прашањето за преобразба на партијата и синдикатите во повоениот период; мешање на прашањето за мигот на револуционерни истапувања со подготовка на нивната можност воопшто[1]). Овие Ленинови критериуми ги ставивме како основа на нашата анализа за борбата на раководителот на бременските леви радикали Ј. Книф, против центризмот во предоктомврискиот период на Првата светска војна.*

К. Цеткин, опишувајќи ги условите во германската социјал-демократијата во воените години, пишува: „Брановите и ветриштата на империјалистичката светска војна, како проколнат чун, ги фрлаат од една во друга страна принципите на редица напредни социјалисти; крвавата магла на национализмот

[1]) В. И. Ленин. Полн. собр. соч., т. 30, с. 394 — 396.

*) Ј. Книф (1880—1919) — раководител на групата леви социјалдемократи во Бремен во годините на Првата светска војна, редактор на списанието „Арбајтерполитик" и весникот „ Комунист", еден од основачите на Комунистичката партија на Германија во декември 1919 година.

го сокрива од широките пролетерски маси социјалистичкиот идеал, кој пред тоа блеска осветлувајќи им го патот"[2]). Борбата со оваа „крвава магла" претставува жер во принципиелната критика на Ј. Книф против стратегијата и тактиката на социјал-пацифизмот во германското работничко движење.

Цениме дека можат да се издвојат следните основни етапи во таа борба:

1. Август 1914 — февруари 1916 г. Тоа се обидите да се присили „центарот" на бременската организација на СДПГ отворено да ја искаже својата позиција кон војната и кон паролата за масовни акции против војната.

2. Март 1916 — април 1917 г. Бескомпромисната борба против социјал-пацифизмот на „Трудовото здружение" во периодот на подем на антивоеното движење.

3. Април 1917 — октомври 1917 г. Демаскирање на центристичката линија на НСПГ по прашањата за војната и мирот во услови на заострување на револуционерната криза.

Во почетокот на војната Ј. Книф го конкретизира својот приод кон паролата за масовни антивоени акции, што имала огромна важност за определувањето на принципиелниот однос кон центризмот. Уште пред војната лидерот на бременските центристи А. Хенке истапувал против организирање масовна антивоена борба. Во август 1914 г. тој гласал против воените кредити на состанокот на социјал-демократската фракција и ја напуштил салата за состаноци во време на гласањето во Рајхстагот. Тоа ја правело неговата позиција крајно двосмислена. Книф решително истапил за подготовка на масовни акции: „Согледувањето за тоа дека сè уште не дошло времето за масовни акции е поставка на старите радикали од претходните партиски конгреси од 1905 г. Небаре треба да се чекаат погодни моменти. Неизбежна последица од таквото гледиште е да нема акции, што значи да не сакаш акции. Зарем не е време?"

Во одговор на повикувањата на условите на опсадната положба Книф прецизира: „Акциите, чие превземање е неопходно, не треба веднаш да станат сеопшти, масовни истапувања. Треба да ги оцениме силите на противникот. На почетокот, се разбира, е потребна објаснувачка работа, агитација. Бездруго, бессмислено е да се истрчуваш во својство на маченик"[3]). На Книф врз примерот на Бремер му било јасно, дека центристите низ цела Германија не сакале да водат доследна борба против војната и дека заземале исчекувачка позиција. Тој го делел мислењето на Пањекук за тоа, дека „главниот принцип на Хенке е непринципиелноста"[4]). До 1915 г. Хенке на страниците на „Бремер Бјургер—Цајтунг" не дал јасна карактеристика на војната. Дури во јануари истата година во

---

[2]) Клара Цеткин. Искусство — идеология — эстетика. М., 1982, с. 85

[3]) W. Eildermann. Jugend im ersten Weltkrieg. Tagebücher, Briefe, Errinnerungen.. Berlin, 1972, S. 292

[4]) Ibidem, 172

редакциската статија „Нацијата и светската војна“ тој магливо изјавува дека војната има „конзервативен карактер“[5]). Од пролетта 1915 г. страниците на весникот му биле препуштени на К. Каутски за пропагирање на неговите пацифистички проекти, а Хенке го обвинил К. Либнехт за „херостратизам“ при херојскиот однос во Рајхстагот[6]).

Борбата со центризмот во бременската социјал-демократска организација во почетокот на војната имал скриен карактер и се водел внатре во ѕидовите на партискиот дискусионен кружок на чии состаноци климата се заострила во летото 1915 г. К. Јанак, кој ги посетувал состаноците, пишува: „Меѓу бременските опозиционо расположени другари владее извесна политичка дисхармонија поради политичката позиција на Хенке... Ако човек истапува против владината и официјалната партиска политика, тогаш тој мора тоа да го докажува со секоја решителна акција“[7]). Јанак барал од центристите отворено да ја изложат својата позиција кон војната и принципите на својата тактика. Во тоа време левицата барала можност за определување заеднички допирни точки со центристите за преземање заедничка антивоена активност. Книф во 1915 г. го потпишува „Писмото-протест“ упатено до управата на СДПГ заедно со Хенке[8]). Меѓутоа, узбурканата состојба во редакцијата на „Бремер Бјургер—Цајтунг“ одново го уверува во неможноста за соработка со центристите и тој го прифаќа предлогот од Ј. Борхард за учество во неделникот „Лихтштрален“[9]).

В. Ејлдерман летото 1915 година запишал во својот воен дневник дека партијата се распаднала на два дела меѓу кои се протегнало „мочуриште“. „Мочуриштето“ ги клати „луѓето“ како нишало лево—десно зависно од ситуацијата. Војната нив ги фрлила надесно“[10]). Есента центристите отворено биле обвинети за плашливост и биле отстранети од партискиот кружок. Книф повторно барал од Хенке принципиелно гласање против воените кредити и јавно излагање на своите погледи. На 19 јануари 1916 г. Ј. Книф и П. Фрелих на Хенке му поставиле алтернативно барање: или да истапи со одобрување на револуционерните акции во духот на Карл Либнехт, или пак левицата ќе започне отворена критика на неговата опортунистичка линија. Хенке го избегнал одговорот. И во истиот ден Книф одржал говор разобликувајќи ја час и половина десницата и гнилоста на центарот на партијата[11]).

---

5) Bremer Bürger-Zeitung”, 2. Januar 1915

6) Види: K. Liebknecht. Gosammelte Reden und SChriften Bd. IX, Berlin, 1971, S. 270—271

7) W. Eildermann. Op. cit., S. 154

8) Види: Dokumente und Materialien zur Geschichte der deutschen Arbeiterbewegung. Reihe II, Bd. I, S. 176

9) W. Eildermann. Op. cit., S. 209

10) Ibidem, S. 209

11) Ibibem, S. 308

Тоа била првата отворена дефиниција на линиите меѓу революционерниот марксистички однос кон војната и центристичкото измекарство на „својата“ буржоазија. Книф никогаш повеќе не се вратил на прашањето за соработка со бременските центрумаши. За тој белег на неговата натура убаво пишува К. Јанак: „Книф за нас, младите членови на партијата, беше учител, кој целосно нè привлече на својот пат... Во своите оценки тој беше непомирлив и секогаш доследен докрај. Секогаш и во секој случај тој се стремеше да го исслуша мислењето на работниците“[12]).

На 22 февруари 1916 г. на состанокот на бременската партиска организација била прифатена резолуцијата за потребата од решителна диференцијација со центрумашите како услов за успешна борба против социјал-шовинистите, со која бил запознат и В. И. Ленин[13]). Неделникот „Лихтштрален“ дал правилна оценка за овој чекор на левицата како „победа на левиот радикализам“ и повик кон натамошно разобличување на „полумерките“ на „центарот“, зашто само на таков начин може на масите да им се објасни што „ја зближува политиката на центарот со политиката на десницата и истовремено со политиката на буржоазијата. Најостра критика на центризмот претставува наредба на мигот“[14]).

На следниот состанок на бременската организација на 24 февруари социјалдемократите со мнозинство гласови го осудиле непринципиелното гласање на центрумашката опозиција за воените кредити и побарале од „Бремер Бјургер—Цајтунг“ доследно спроведување на предвоената леворадикална позиција[15]). Така завршила *првата етапа* од истапувањата на бременската левица против центрумашите, етапата на воспоставување вододелница меѓу отворениот социјал-шовинизам и опортунизмот на центризмот, од една страна, и революционерниот приод кон тактиката во воени услови „во духот на Либнехт“.

*Втората етапа* е сврзана со формирањето на центрумашка опозициона фракција на Рајхстагот и со создавањето на неделникот „Арбајтерполитик“ на левите радикали, во јуни 1916 год. Таа го опфаќа периодот од почеток на масовно антивоено движење во Германија предводено од групата „Спартак“ Во неговиот развиток свој придонес дала и бременската левица[16]).

Основата на политиката на Ј. Книф од овој период ја прави курсот кон целосен идеен раскин со социјал-шовинизмот и бескомпромисната борба против центризмот како скриен помошник на буржоазијата во Германија. Ј. Книф ги гледал ко-

---

12) K. Jannack. Wir kämpften in Bremen für die Räterepublik, in: „Vorwärts und nicht vergessen" Berlin См.: В. И. Ленин. т. 49, с. 183, 187

13) „Bremer Bürger-Zeitung 2", 24 Februar 1916

14) „Lichtstrahlen" No 7, 1916

15) „Vorwärts", 25, Februar 1916

16) Види опстојно В. А. Артемов. Иоганн Книф (1880—1919). Из истории жизни и борьбы — Ежегодник германской истории 1972. М., 1973

рените и изворите на социјал-шовинизмот на „Трудовото здружение“ во предвоениот центризам на Каутски, неговите врски со јавниот опортунизам и со раководството на СДПГ. Тој покажал дека почетокот на војната го фрлил поголемиот дел од партискиот и синдикалниот врв во редовите на отворените приврзаници на германската буржоазија, а помалиот дел, отфрлајќи ја на зборови реакционерната империјалистичка политика, не можел и не сакал да им се спротивстави со ништо, освен своите пелтечави пацифистички илузии, кои биле насочени кон одвлекување на масите од активните патишта на борбата.

Во јули 1916 г. Книф пишува во статијата „Центарот на партијата“: „Уште пред војната левите радикали докажаа дека стратегијата на ‚изнурување со опсада‘ не е ништо друго туку само пракса на ревизионизмот. На 4 август при преминот на центарот на партијата на страната на десницата само се откри тоа што постоеше уште пред војната“[17]). Тој врз примерот на Хенке потенцирал дека разузданата шовинистичка пропаганда на раководството на СДПГ и на синдикалниот врв ги туркала центрумашите кон создавање илузија за антивоени акции поради стравот од засилување влијанието на левите социјалдемократи во масите. Тој протестирал против обидите на Каутски и Хенке да ги замачкаат разидувањата меѓу опортунистите и левицата и да обезбедат само два правци во партијата — десниот и „марксистичкиот центар“[18]).

Во создавањето на „Трудовото здружение“ Книф не гледал „помест“ на центристите кон лево, туку стремеж принципиелната суштина на борбата на револуционерните марксисти со социјал-шовинистите да се сведе кон „домашна караница“, дотолку повеќе што тоа била принципиелна борба меѓу пролетерскиот и буржоаскиот свет, односно, класна борба“[19]). Познато е, дека А. Хенке во своето лакејство пред социјал-шовинистичкото раководство на партијата одел дотаму што во стремежот целосно да ја преземе управата на „Бремер Бјургер-Цајтунг“ во свои раце, гледал само „црни страни во партискиот живот, кои имале поучни моменти“[20]) и го правдал преминот на Гениш во крајношовинистичката ‚Хамбургер Ехо‘... само со поголем хонорар“[21]).

Истовремено Ј. Книф сфатил дека зад центрумашката опозиција стојат различни слоеви од работничката класа, дека таа е составена од различни елементи, на почетокот обединети само околу прашањето за неприфаќање на воените кредити. Затоа најважна задача на левата, револуционерната политика во текот на целата војна за него е борбата за револуционерно рас-

---

[17]) „Arbeiterpolitik“, N 4, 15. Juli 1916

[18]) Види: Ю. М. Чернецовский. Рев. марксисты против центризма. М. 1983, с. 7—9

[19]) „Arbeiterpolitik“, N 2, I. Juli 1916

[20]) W. Eildermann, Op. cit., S. 160

[21]) Ibidem, 161

положение на масите. Во 1916 г. тој настојувал да утврди во која мерка е можна соработката со тие слоеви со цел да се привлечат колебливите елементи на страната на револуционерните социјалдемократи. „Оваа задача привремено се состои во борбата за умовите на работниците внатре во партијата и за влијание со обединети сили однадвор. Извршувањето на оваа задача ќе создаде можност и потреба за изграба на сопствен дом на пролетерскиот социјализам, создавање на социјалистичка пратија, која ќе спроведува политика на лев радикализам“[22]). На тој начин, Книф не предлага вртоглаво, итно формирање лева партија без маси, туку пробирлива подготовка на масовна база за таквата партија.

Книф не ги прифаќал тесносекташките погледи на водачите на хамбуршките леворадикалци околу Г. Лауфенберг и Ф. Волфхајм. Тој поаѓал од становиштето за неопходната огромна подготвителна работа под услов на соработка со сите леви групи. Но можноста за итно формирање нова партија во Германија јасно ја гледал и В. И. Ленин кој во 1916 г. му пишувал на Вајнкоп: „Ние не бараме, се разбира, неодложен расцеп на една или друга партија, на пример, во Шведска, Германија, Франција. Далеку поизгледно е дека ваков момент (на пример во Германија) подоцна ќе биде поблагопријатен за таа цел“[23]).

Книф ја предвидел историската бесперспективност за подолготрајно постоење, на преодната, центристичка партија, тој справедливо ја гледал иднината на револуционерното германско работничко движење во дејноста на марксистичките сили[24]). Во разговорот со В. Ејлдерман кон крајот на септември 1915 г. тој искажал мисла за неопходната промена на името на бременската група, која во иднина би се викала комунистичка, со тоа да се подвлече принципиелната разлика со банкротираните десни и центрумашки социјалдемократи. Примерот за верност кон комунистичките идеали тој го гледал во активноста на руските болшевици[25]). Меѓутоа, во тие денови Книф (како и раководителите на „Спартак“) се надевал во можноста за „преземање“ на старата партија[26]).

Западногерманските социјал-реформистички историчари се обидуваат да го прикажат поведението на центрумашите во поинаква, поблагопријатна светлина. Така, историчарот на германското новинарство проф. К. Кошик утврдил дека Хенке во 1916

---

[22]) „Arbeiterpolik”, NIO, 26 August, Книф на 24 февруари напишал „Од овие маси ние не треба и не можемс да се откажеме“ „Arbeiterpolitik”, N 8, 24, Februar 1916

[23]) В. И. Ленин. Полн. собр. соч., т. 49, с. 105, За позициите на Книф. по организационото прашање види: Во трудот на В. Г. Брјунин., И. М. Кривогуз, Х. Волгемут, Г. Енгел.

[24]) Види: В. С. Кисляков Образование массовой пролетерской революционой партии Германии. Изд-во МГУ, 1979.

[25]) W. Eildermann. Op. cit., S. 256

[26]) Ibidem, S. 310

г. истапувал за финансиски бојкот на управата на СДПГ[27]). Ваквите обиди не се нови. Во 1916 г. полициските власти исто така се обиделе да ја потенцираат „револуционерноста" на Хенке со цел да ги задржат масите да не учествуваат во револуционерните акции на левите радикали[28]). Не е случајно што управата на СДПГ по отпуштањето на J. Книф од редакцијата на „Бремер Бјургер—Цајтунг" нашла за потребно во неа да ги остави центрумашите Хенке и Холцмаер. Книф тогаш со презир констатирал: „Господин Хенке кој пред ова беше политички уредник падна дотаму да му биде измекар на господин Донат"[29]).

Центристите не се стремеле да водат реален финансиски бојкот како средство за притисок врз социјал-шовинистичкото раководство. Тие со сите сили настојувале да ги сочуваат старите организациони форми. „Организацијата над сè"[30]) — му пишувал летото 1916 год. Хенке на В. И. Ленин, подвлекувајќи ја оваа страна на центрумашката политика. „Никаква преправка на постојните социјалдемократски партии и синдикални сојузи, ништо налик на Либнехтовата Regeneration оздола догоре. Одложување на прашањето за тоа"[31]).

Спроти империјалната конференција на опозицијата во јануари 1917 год. Книф како неодложна задача пред делегациите на левите социјалдемократи ја поставил задачата за целосно идејно размеѓување со центрумашите. Отфрлањето на предлозите на групата „Спартак" од страна на центрумашите го навело да направи конечен заклучок за тоа, дека „главната, определувачка спротивност во работничкото движење во сите земји денес лежи внатре во опозицијата меѓу „центарот" на партијата и революционерните социјалисти"[32]). Така Книф дошол до заклучок за тоа, дека центризмот е најопасната варијанта на опортунизмот во работничкото движење. Тој успеал точно да ја определи главната задача на революционерите—интернационалисти во демаскирањето стремежот на центрумашката опозиција да се маскира под знамето на единство со левите сили и притоа да ја сочува верноста на опортунизмот, да го искористи авторитетот на спартаковските раководители за одвлекување на масите од револуционерната борба. Оттука доаѓа непомирливоста на Книф кон „Трудовото здружение" и подоцна кон НСДПГ.

Левите радикали покажувале дека во основата на идеолошките спротивности, кои довеле до расцеп на работничкото движење и до предавство на водачите на социјалдемократијата

---

27) K. Koszyk. Zwoschen Kaiserreich und Diktatur. Die sozialdemokratisch Presse von 1914 bis 1933. Heidelbeg, 1958, S. 86
28) Dokumente und Materialien..., S. 471, 477
29) „Arbeiterpolitik", N 26, 16 Dezember 1916
30) „Bremer Burger—Zeitung", 20. Juni 1916
31) В. И. Ленин. Полн. собр. соч., т. 30, с. 394—395
32) „Arbeiterpolitik", N 4, 27. Januar 1917; N 3, 20 Januar 1917

се наоѓаат социјалните спротивности меѓу различните слоеви во самото работничко движење. „Спротивноста меѓу пролетерската тактика, заснована врз заострување на класната борба и опортунистичката тактика, насочена кон зближување со буржоазијата, таа спротивност, условена од различниот карактер на разните составни делови од работничкото движење, насекаде ја раскинува слогата на единствената работничка организација во која се развила само една од тенденциите"[33], — пишувал „Арбајтерполитик" во јули 1916 г.

Економската основа на опортунизмот во меѓународното работничко движење овој неделник правилно ја гледал во постоењето работничка аристократија во епохата на империјализмот во сите развиени земји: „Како во Англија, така и во Германија работничката аристократија и бирократија беа носители на тактиката од 4 август". И заклучува: „Политиката од 4 август претставува венец на политиката на опортунизмот, кој се развил во II интернационала и истапуваше под името на ревизионизмот и реформизмот"[34]).

Вториот правец на борба со центризмот ја вклучува и критиката на теоретските и тактичките пароли на К. Каутски. Бременската левица на чело со Книф успеала да внесе значаен придонес во демаскирањето на теоријата за „ултраимперијализмот" на Каутски, нераскинливо ја сврзал со пацифистичката програма на мирот. На страниците на „Арбајтерполитик" таа докажала дека е недопуштено да се мешаат различните епохи во развитокот на капитализмот — периодот на развојниот капитализам со неговиот посебен, империјалистички стадиум. Книф ја открил антимарксистичката суштина на карактеристиката на империјализмот како „ера на нови надежи и очекувања во рамките на капитализмот"[35]) што ја дава Каутски.

На остра критика биле изложени центрумашките повикувања на К. Маркс и Ф. Ангелс кои, божем, секогаш истапувале за безрезервна поддршка на својата држава од страна на социјалдемократијата. Бременската левица покажала дека всушност Маркс го подржувал формирањето на германската национална држава и се борел за востановување демократски поредок во неа. тогаш, кога нејзиното формирање било историски прогресивно, но никогаш не ја апсолутизирал таа поставка[36]).

Тезата на Каутски за тенденцијата на империјалистичките држави кон создавање светски труст, кон договор за распределба на производните сили во тоа време била прифатена и искористувана од социјал-шовинистите во сите земји. „Оваа песна ја пеат не само социјал-патриотите, туку и центрумашите Каутски, Ледебр, Хаазе, Независната работничка партија на Англи-

---

[33]) „Arbeiterpolitik", N 5, 22. Juli 1916

[34]) „Arbeiterpolitik", N 6, 27. Juli 1916

[35]) Види: С. М. Брайович. Карл Каутский — эволюция его воззрений. М., 1982

[36]) Види: „Arbeiterpolitik", N 18, 21. Oktober 1916

ја“[37]), — пишувал Книф во ноември 1916 г. Тој подвлекува дека резултат на светската војна нема да биде слабеењето, туку реското засилување на конкурентската борба меѓу империјалистите од сите земји. Договореноста меѓу монополите е само исклучок, примирје зад кое одново ќе дојде заострување на борбата.

Предвидувањата на Книф се остваруваат по дваесеттина години со започнувањето на новата империјалистичка кланица. Објективно, теоријата на ултраимперијализмот на Каутски ја подривал вербата на пролетаријатот во своите сили, ја одложува во далечна иднина можноста за социјалистичка револуција. Таа ги повикува работниците да се потпрат врз пацифистичките елементи на буржоазијата од својата земја, да ги поддржат нејзините „мирољубиви стремежи“. Позицијата на Книф по ова прашање директно се совпаѓа со мислењето на В. И. Ленин, кој сметал дека се можни привремени заговори меѓу империјалистите за грабеж на колониите и за заедничка борба со революционерните движења[38]).

Бременската левица во теоријата на Каутски гледала откажување од социјалистичка револуција. Ако пролетаријатот има сили да ја принуди буржоазијата на мирољубива надворешна политика, тогаш тој со истата сила ќе може да го ликвидира капитализмот — причината за империјалистичките војни. Ако пролетаријатот е слаб за вакви акции, тогаш целата пацифистичка програма е напросто утопија[39]).

Во епохата на империјализмот Книф гледал преддворје на социјалистичката револуција. „Политиката на левите радикали не гарантира брза победа... Таа пред работниците не прогласува ера на слабеење на класната борба, како што тоа го прави социјал-империјализмот и зближување на нациите како што тоа го прави социјал-пацифизмот. Тие јасно изјавуваат: ние се движиме во пресрет на период на жестоки битки меѓу трудот и капиталот во разни земји“[40]). Секако, врз погледите на Книф извршило влијание проучувањето на лениновата книга „Војната и социјализмот“, во чие распространување земала учество и бременската левица.

Разобличувајќи ја суштината на каутскијанскиот „Манифест на мирот“ Книф ја воочил врската меѓу борбата за мир и борбата за социјализам, повикувајќи кон отстранување на капиталистичките односи како основа на вистински цврст демократски мир. Левите радикали ја разоткриле неодржливоста на повикувањата на решенијата на предвоените социјалистички конгреси на II интернационала од страна на центрумашите, потоа нивниот стремеж кон исфрлање на сета революционерна содржина од тие решенија. Тие укажуваат на историската исправ-

---

37) „Arbeiterpolitik“, N 20, 4. November 1916
38) Види: Ленин. Полн. собр. соч., т. 26, с. 232
39) „Arbeiterpolitik“, N 20, 4. November 1916; N 24, 2. Dezember 1916
40) „Arbeiterpolitik“, N 24. Dezember 1916

ка што В. И. Ленин и Р. Луксембург ја внеле во нацрт решенијата на Штутгардскиот конгрес во 1907 г. во кои на милиони работници им се посочувани најрешителни средства за борба против нараснувачката воена закана. „Тие со тоа објавија дека настапи епохата во која на дневен ред доаѓа социјалистичкиот превrат и дека кон него води посебно длабоката политичка криза. Не е случајно што господата центрумаши случајно го испуштиле ова место од интернационалната резолуција и токму во ваков момент за кој таа е наменета“[41]).

Книф решително ги отфрлил обидите на центрумашите да се затскријат и зад решенијата на конференцијата на Цимервалдската групација. Тој пишувал: „Овие конференции дишат со сосема поинаков дух. Кинталската резолуција за мирот посебно ги нагласува прашањата за перспективата на коренитиот пресврт, отворено го отфрла социјал-патриотизмот, му ги покажува на пролетаријатот патиштата на акција““[42]).

Бременската левица не само што ја отфрлила и осудила војната, туку ја открила и перспективата за настапувачката револуција, „на коренитиот превrат“ како што тие ја нарекувале поради цензорски пречки. „Само со перспективна насоченост кон него борбата против анексиите нема да претставува лепење кон старото, изветвеното статус-кво, зашто над сето тоа е стремежот кон превrат во сите човечки односи... Тој што како патоводна ѕвезда не ја зема целта за коренит превrат, се осудува себеси на сите противречности, карактеристични за центрумашкиот манифест и ги осудува своите акции на неплодност“[43]).

Борбата против империјалистичката војна Книф ја сметал за средство, а пролетерската револуција за цел на ослободителна борба на работничката класа. Оценувајќи ја во основа негативно јануарската конференција на опозицијата, Книф сметал дека нејзин главен резултат е отвореното разгледување на коренитите спротивности околу главните прашања за стратегијата и тактиката меѓу револуционерните социјалисти и опортунистичките центрумаши[44]). Овој заклучок одговара на лениновата оценка за оваа конференција како манифестација на постоењето две непомирливи партии во работничкото движење на Германија[45]). Со својот однос кон центрумашкиот „мировен“ манифест бременската левица ја демонстрирала својата верност кон интернационалниот долг, кон принципите на Цимервалдската левица.

---

[41]) „Arbeiterpolitik", N 4, 27. Januar 1917

[42]) Ibidem

[43]) Ibidem

[44]) „Arbeiterpolitik", N 3, 20. Januar 1917

[45]) В. И. Ленин. Полн. собр. соч., т. 30, с. 299—300

Книф ја разоткрил неодржливоста на аргументацијата на Каутски за одбрана на идејата за создавање „Соединети Европски Држави", ја поврзал со плановите на отворените анексионисти за формирање „Средишна Европа". Тој ги нарекол утописките „Соединети Европски Држави" „свет на фантазијата" која нема да знае за оружје и каде што волците не јадат овци, туку трева"[46]). Во статијата „Соединетите Европски Држави" неделникот на Книф отворено ги разобликува експанзионистичките погледи на М. Коген, привржаник на неограничената подводна војна. Во статијата се укажува дека идеите на М. Коген директно го разоткриваат империјалистичкиот карактер на паролата на Каутски, бидејќи Коген само ги проширувал идеите на Каутски сè до задачата за „обединување на континенталните држави против Англија и Америка". Неделникот изведува заклучок: „Тоа што кај Каутски претставува мировна илузија, веќе кај Коген се претвора во ѕвецкање со оружје"[47]). Книф ја увидел објективната блискост на социјал-шовинизмот и социјал-пацифизмот и во тоа, што самите социјал-шовинисти веќе морале да прибегнуваат кон позајмување од центрумашите на нивната псевдореволуционерна фразеологија за прикривање на својата пробуржоаска, проимперијалистичка суштина. Во врска со тоа тој направил кардинален заклучок: „Социјал-патриотизмот претставува само агитационо средство, социјал-империјализмот е зрното"[48]).

*Новата етапа* во борбата против центризмот како посебна идејна и практична струја во редовите на германското работничко движење настапила во периодот на подготовките за формирање на НСДПГ. Книф зазел остра негативна позиција по прашањето за влегување на левите групи во таа центрумашка партија. Историјата ја потврдила неговата оценка.

Делегатот на Госкиот Основачки конгрес на НСДПГ, левиот радикал Бродмеркел искажал отворени сомневања во тоа, дека оваа партија е подготвена да поведе решителна антиимперијалистичка борба. Тој сметал дека компромисот меѓу „Спартак" и центрумашите ќе доведе само до засилување на внатрешните несогласици и ќе одвлече многу сили на штета на револуционерната борба. Бродмеркл одбил да стапи во НСДПГ и повикал кон создавање самостојна револуционера партија[49]). В. И. Ленин директно не ги осудил спартаковците за влегувањето во НСДПГ, сметајќи го тоа за привремен и условен блок против социјал-шовинистите[50]). Но веднаш по одбивањето на спартаковците да земат учество во Штокхолмската конференција

---

46) „Arbeiterpolitik", N 25, 9. Dezember 1916

47) „Arbeiterpolitik", N 35, 1. September 1917

48) „Arbeiterpoliäik", N 18, 21. Oktober 1916

49) Protokoll über die Verhandlungen des Gründungs—Parteitags det USPD zu esotha. Berlin 1921, s. 30.

50) В. И. Ленин. Полн. собр. соч., т. 31, с. 467

на социјалистите од завојуваните држави Ленин заклучил дека овој блок се распаднал[51]).

Бременската левица ја засилила критиката на центризмот летото и есента поради активизацијата на маневрите на центрумашите во внатрешната и надворешната политика во услови на силно заострување на класните спротивности[52]). Во септември 1917 г. Ј. Книф истапил во „Арбајтерполитик" со статијата „Формулата на мирот на социјал-патриотите и социјалшовинистите" потпишана со псевдоним Петер Унру. Во неа тој го докажал отсуството на принципиелна разлика меѓу барањата на опортунистите од двеве бои по прашањето за мирот. Книф докажал дека социјал-шовинистичкото барање „мир без анексии и контрибуција врз договорна основа" со центрумашкиот додаток за „правото на нациите на самоопределување" се засновуваат врз една иста класна основа. Тој ја разобличил пацифистичката измама на масите од страна на десницата и центрумашите, потпирајќи се врз Лениновите оценки за суштината на „радикалната центрумашка фразеологија". „Тој што се ограничува со ,барањата' до буржоаските влади за заклучување мир... тој *во пракса* се ничкосува на реформи. Зашто *прашањето за војната,* објективно, се поставува само револуционерно"[52]) — пишува во 1917 г. В. И. Ленин.

Книф непомирливо истапувал против погазувањето на социјалистичките принципи, против пропагандата на класната солидарност „со својата буржоазија" во каутскијанската „формула на мирот". Тој во неа гледал доследно спроведување во живот на предавничката политика од 4 август 1914 година. Одговарајќи на уверувањата на Каутски за тоа, дека „стремежот на капиталот кон ширување на најдобар начин не може да се оствари со насилни империјалистички методи, туку со мирна демократија"[54]), Книф укажувал дека империјализмот по својата суштина не може без анексии и експанзија во економската, финансиската и политичката сфера.

Тој ја критикувал позицијата на центрумашите и по прашањето за правото на нациите на самоопределување како основа за воспоставување мир. „Треба наполно да не ја сфаќаш суштината на империјализмот, — пишувал тој во септември 1917 г. за да поверуваш дека тој може на малите нации да им го даде правото на самоопределување во периодот на своето владеење".

Тој правилно сметал дека правото на нациите на самоопределување во империјализмот не може да биде освоено само

51) Види: В. И. Ленин. Полн. собр. соч., т. 31, с. 467; Вид. Ю. М. Чернецовский. Революционные марксисты против центризма. М., 1983 г., с. 110

52) Опстојно види: В. А. Артемов. Бременские левые радикалы о Стокгольмской конференции социал-шовинистов, в кн: Сборник материалов 2 научной сесси вузов Центрально-Черноземной зоны. Исторические науки. Воронеж, 1967

53) В. И.Ленин. Полн. собр. соч., т. 31, с. 175

54) K. Kautsky. Nationalstaat, imperialistisyher Staat und Staaten Nurrnberg, 1915, S. 70

со парламентарна борба: „Народните маси не успеаја пред војната да извршат решавачко влијание врз развитокот на политиката на империјализмот, затоа и правото на нациите на самоопределување не може да се освои ниту во една земја само преку парламентот“[55]). Во услови на растечки револуционерен подем тој негувал надеж во решителните истапувања на масите за правото на народите на самоопределување. „Само од работничката класа имаме право да очекуваме дека таа нема повеќе да дазволи да биде измамена со паролата за правото на нациите на самоопределување, таму каде тоа го нема, не може ни да го има... Нема право на нациите на самоопределување сè додека народите се наоѓаат во економски услови што ги приковуваат кон капиталистичката претприемливост“[56]).

Од кажаното произлегува дека третирањето на националното прашање кај Книф страда од нејасност и расплинатост. В. И. Ленин повеќе пати објаснувал дека „тврдењето дека правото на нациите на самоопределување не е остварливо во рамките на капитализмот, може да се сфати или апсолутно, во економска смисла, или во условна, политичка“[57]). Книф ги мешал овие два поими и тоа го довело до погрешно негирање на можноста за изборување правото на самоопределување во „условна, политичка“ смисла.

Ленин ги повикувал револуционерните интернационалисти да ги формулираат и да ги спроведуваат во живот општодемократските барања, а во тој склоп и барањето за правото на нациите на самоопределување, и тоа не реформистички, туку револуционерно, не ограничувајќи се со рамките на буржоаската легалност, туку кршејќи ги нив, не задоволувајќи се со парламентарни истапувања и зборовни протести, туку вовлекувајќи ги масите во активни дејствија, проширувајќи ја и воспалувајќи ја борбата заради секое и секакво основно демократско барање во директен притисок за пролетаријатот врз буржоазијата, т.е. до социјалистичка револуција, до експропријација на буржоазијата[58]).

Грешката на Книф се состоела во тоа, што тој по ова прашање не ги доискажал докрај паролите на борбата за демократски преобразби и не успеал во паролата за правото на нациите за самоопределување да види важно средство за револуционизирање на масите и за подготовка за социјалистичка револуција. Меѓутоа на Книф му служи на чест фактот, што тој зазел правилна позиција во однос на пропагандистичката врева, крената од социјал-шовинистите околу ветувањето на Германската и Австриската влада за создавање „независно полско

---

55) „Arbeiterpolitik", N 35, 1. September 1917
56) „Arbeiterpolitik", N 35, 1. September 1917
57) В. И. Ленин. Полн. собр. соч., т. 30, с. 13
58) Исто.

кралство под германски протекторат“[59]). Но сепак, во целина погледите на Книф за националното прашање биле противречни[60]).

Принципиелната критика на каутскијанските согледувања за проблемите на мирот и перспективата на пролетерската револуција претставува важен придонес во заедничката борба на револуционерните социјалисти за масите во Германија, за нивното откинување од центрумашката партија во периодот на острата револуционерна криза 1917 г. во Германија. Таа придонела за постапно надминување сред голема маса свесни германски работници на илузиите за можноста за „возобновување“ на старата партија, докажувајќи дека единствено правилната пролетерска тактика во војната може да биде само борбата за уривање на својата влада и за претворање на империјалистичката војна во граѓанска. Во Бремен левицата принципиелно се диференцирала од „независните“ под раководство на Алфред Хенке. Тие отворено и без обзир ги критикувале нив што сепак не им пречело рамо до рамо да се борат заедно со чесните елементи сред работниците во НСДПГ секаде, каде што тоа беше можно“[61]) — истакнува В. Елдерман.

Во статијата „Плодовите на Штокхолм“ Книф пишува: „Секоја декларација зад која не стои волјата за борба против империјализмот, воопшто против капиталистичкиот систем, не е ништо друго, туку само ѕвон на клопотарци“[62]). Критиката на „мировните“ предлози на германските центрумаши сведочи за блискоста на Книф и неговата група кон позицијата на В. И. Ленин, кој ги повикувал революционерните социјалисти да ги разобличуваат акциите на социјал-шовинистите како комедија, која ги сокрива зделките на империјалистите зад грбот на народните маси[63]).

Во 1919 година сумирајќи ги оценките на центрумашката политика во периодот на војната, Книф истакнувал дека ако „социјал-демократите принципиелно учествуваа во воената политика на својата влада, тогаш ‚независните‘ принципиелно не се бореа против неа“[64]). Сфаќањето на природата на центрумашите како идејно-политички близнак на социјал-патриотизмот, како посебна, скриена форма на опортунизмот во работничкото движење, а не како обична, привремена заблуда на револуционерните водачи, му била својствено на Ј. Книф во периодот на Големата Октомвриска социјалистичка револуција, и му помогнала да го разоткрие вистинскиот карактер на поли-

---

59) „Arbeiterpolitik", N 22, 18. November 1916

60) Види: G. Engel. Johann Knief und die Bremer Linker in der Vorgeceh ichte der KPD, in: Das Ringen un eine Wende. Fichte-Schristen der Humboldt-Universitat. Berlin, 1968

61) W. Eildermann. Op. cit., S. 364

62) „Arbeiterpolitik", N 27, 7. Juli 1917

63) В. И. Ленин. Полн. собр. соч., т. 31, с. 367

64) P. Unrh. Vom Zusammenbruch des deutschen Imperialismus bis zum Beginn der proletarischen Revolution. Berlin, 1919, S. 12

тиката на НСДПГ во време на Ноемвриската револуција во Германија[65]). Идејната и организационата конфронтација со центризмот не била за Ј. Книф само прашање на секојдневната тактика, таа прераснала кај него во верност кон коренитите принципи на револуционерниот марксизам. Борбата на Ј. Книф против германските центрумаши била борба за масите во процесот на создавање самостојна револуционерна пролетерска партија, против помирливата политика на центризмот, која објективно го задржувала овој процес.

Превел од руски јазик
Чедо ЦВЕТАНОВСКИ


B. A. ARTYOMOV

## JOCHAN KNIFF AGAINST CENTRISM DURING THE FIRST WORLD WAR

Summary

The fight of Jochan Kniff (1880—1919) against centrism in Germany in the course of the First World War is shown in this paper. Here the author points out that J. Kniff as a head of the left social democrates in Bremen during the First World War, editor of the „Arbeiterpolitik" review and the newspaper „Communist", was counted among the fouders of the German Communast Party in December 1919. The fight against centrism in the Bremen social-democratic organisation at the beginning of the First World War had a secret character. The second phase began from June 1916 when the antimilitary movement led by the group „Spartacus" arised in Germany. J. Kniff during that period broke entirely with social shauvinism and led e bitter struggle against centrism, which was a secret aid of the German bourgeoisie. In 1919, J. Kniff following the evaluations of the policy of centrism in the course of the First World War, came to a conclusion that though social democrates mainly took park in the military policy of its government, then, the independent did not fight against it. Generally speaking, the ideological and organisational confrontation with centrism for J. Kniff was not a question for an every day policy. The fight of J. Kniff against the German centrists, in fact, was a fight of masses in the process of creation of independent revolutionary proletarian party against the pacifiable policy of centrism, which contested this process evidently.


---

[65]) Види: В. Г. Брюнин. Бременские левы радикалы об Октябрьской революции, — Вестник ЛГУ, 1959, № 20, вып. 4; В. А. Артемов. Пропаганда идей ленинизма бремескими левыми в 1917—1918 гг. — Из истории нового и новейшего времени. Вып. 11. Воронеж, 1969